МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>>

# МЦМС е-Билтен

Мај 2009
БРОЈ 93

## Советот го избра новиот Управен одбор



На 19 мај оваа година Советот на МЦМС на својата втора седница го усвои Деловниот извештај за 2008 година со финансискиот извештај и извештајот на ревизорите и ги избра членовите на новиот Управен одбор на МЦМС.

Новоизбраните членови на Управниот одбор се: Билјана Герасимовска – Китановска, Бехиџудин Шехапи; Ѓоко Ѓорѓевски (МПЦ), Јагуп Селимовски (ИВЗ); Ризван Сулејмани; Кочо Анѓушев; Горан Михајловски и Славко Велевски.

Мандатот на УО на МЦМС е од 2009 до 2013 година.

## Лобирање во локалната самоуправа



На 28 мај 2009 година, во Скопје, МЦМС ја промовира книгата „Лобирање во локалната самоуправа" од авторот м-р Марјан Танушевски.

„Книгата е пионерски потфат во науката во доменот на лобирањето воопшто, а особено во локалната самоуправа. Книгата има за цел да започне процеси на менување на свеста на сите субјекти и учесници во дејноста на локалната самоуправа", рече д-р Константин Петковски, еден од рецензентите на публикацијата.

Авторот истакна дека децентрализацијата не е единствена гаранција за ефикасна локална самоуправа. Постојат многу фактори кои влијаат, а еден од клучните е човечкиот фактор кој треба да поседува капацитети меѓу кои е и вештината на лобирање. Во книгата се поместени и резултати од теренско истражување на кое се одзвале 71 градоначалник.

# Како се спроведуваше Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор



*(од лево) Е. Фуере, С. Тодоров, С. Клековски, И. Боцевски и Е. Нурединоска*

На 20 мај 2009 година, МЦМС организираше презентација на Извештајот за спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор. На презентација на присутните им се обратија и Ивица Боцевски, потпретседател на Владата, Стојан Тодоров, генерален секретар на Владата и Ерван Фуере, шеф на делегацијата на ЕУ во Скопје.

МЦМС направи анализа на спроведувањето на Стратегијата од почетокот на нејзиното донесување во јануари 2007 г. до крајот на 2008 г. за да го согледа прогресот и да даде препораки до одговорните за спроведување и координирање на Стратегијата.

„Владата е свесна дека учеството на граѓанските организации го поттикнува чувството за граѓанска ефикасност, генерира грижа за колективните проблеми, мобилизира граѓанска акција и го охрабрува формирањето на совесно граѓанско способно да делува за општото добро на сите", рече на презентацијата Боцевски. „Ние и понатаму ќе ги промовираме овие принципи. Целите кон кои се стремиме е да се унапреди процесот во кој граѓаните ќе влијаат врз носителите на одлуките и креирањето на политиките но и да ги подобриме начините на кои политичарите се информираат за ставовите и приоритетите на граѓаните."

Генералниот секретар на Владата се осврна на работата на Одделението за соработка со невладините организации што претставува чекор кон се поголема институционализација на односите меѓу Владата и граѓанскиот сектор.

Шефот на делегацијата на ЕУ во Скопје, Ерван Фуере ја потенцираше потребата од поинтензивно спроведување на Стратегијата. Според него иако охрабруваат некои од постигнувањата, сепак, генералната слика не е добра. Тој потенцираше четири прашања за подобрување: 1) Усвојување на новиот закон за здруженија на граѓани и фондации; 2) Подобрување на вклученоста на граѓанското општество во процесот на креирање политики и носење одлуки; 3) Подобрување на спроведувањето на законот за спонзорства и донации и 4) Зајакнување на соработката со органите на Владата.

Извештајот го презентираше Емина Нурединоска од МЦМС. Заклучоците се однесуваат на клучните постигнувања; на целите во кои не е забележан напредок, на организациската поставеност на Одделението за соработка со невладините организации итн.

## Обука за обучувачи за недискриминација



*Двајца од учесниците на обука за недискриминацијата*

Од 5 до 7 мај оваа година, во Скопје, се одржа обуката за обучувачи за недискриминација. На обуката учествуваа девет претставници од граѓански организации и од државна администрација кои работат на полето на човековите права и недискриминацијата.

„Обуката беше одлична. Јас ја посетив и основната обука за недискриминација. Обучувачите беа со огромно искуство. Обуката особено е корисна во контекст на донесувањето на Законот за недискриминација и улогата на граѓанските организации. Ние што ја посетивме оваа обука ќе треба во иднина да испорачаме обуки за активисти на граѓанските организации на полето на недискриминација.", ни кажа Владо Анчевски од ХОПС – Опции за здрав живот.

Мирдита Салиу од Министерството за труд и социјална политика беше задоволна од тоа што го слушнала на обуката. „На обуката стекнавме големо искуство. Обучувачите ни помогнаа многу, се гледаше дека ја познаваат проблематиката. Тие ни дадоа добри насоки каков треба да биде еден обучувач. Овој тип на обуки ќе бидат корисни во иднина и за подготовка на програми и за Законот за недискриминација", рече Салиу.

Учесниците имаа можност да слушнат и да дискутираат за директната и индиректната дискриминација, за виктимизација, вознемирување, дискриминација поврзана со хендикеп, за позитивна акција и за должностите на јавноста. Како идни обучувачи работеа на повеќе методи како што се: користење на мапа на мисли, бура на идеи, работа во мали групи, јакнење на свеста итн. Обуката ја спроведоа Исабеле Чоплин, заменик директор на Migration Policy Group од Брисел и Лила Фаркас, адвокат, претседател на Hungarian Equal Treatment Advisory Board.

## Обуки на МЦМС

МЦМС ги огласи своите редовни обуки за 2009 година. Подолу се информации за првите две.

### Пристап до ЕУ фондови и подготовка на апликации

[11 - 13 јуни, Охрид] Обуката ќе ви овозможи да ги совладате проблемите и полесно да одговорите на барањата на ЕУ процедурите. Доброто планирање и раководење со проектите е клучниот предуслов да се надминат ризиците и проектите да се спроведат навреме и во рамките на планираниот буџет. Оваа обука ќе ви обезбеди знаења и вештини за идентификување на потребите, дефинирање на целите и дизајнирање на успешен проект за различни ЕУ фондови каде средствата се даваат како грантови. Различните алатки за проектен менаџмент, вклучувајќи ја и најшироко употребуваната – логичката рамка, ќе бидат аплицирани и дискутирани преку практични примери за различни ЕУ фондови и инструменти за поддршка.

Оваа обука е наменета за сите оние кои работат на проекти или сакаат да ги развијат или подобрат вештините за подготовка на проекти, проект менаџмент и планираат во иднина да бидат вклучени во проектни тимови.

### Односи со јавноста

[7 - 10 јули, Скопје] Односите со јавноста ви овозможуваат да го проектирате имиџот или личноста на вашата организација кај вашата "јавност" - корисници, поддржувачи, спонзори, донатори, локалната заедница, потрошувачи и вашата друга публика. Значи се работи за пренесување на вашата порака до вашата публика, но тоа е двонасочен процес. Вие мора да комуницирате со вашата публика, но треба исто така да и овозможите на публиката полесна комуникација со вас. Вистинските односи со јавноста вклучуваат дијалог - вие треба да ги слушате другите, да ги гледате нештата од нивна перспектива.

Односите со јавноста може да бидат корисни за секоја организација, не заради сензационалната промоција на нејзините постигнувања, туку за да станат покритични кон својата работа. Гледајќи ја организацијата на начинот на кој ја гледаат другите, може да станете подобри и може да бидете сигурни дека на корисниците им ја давате најдобрата можна услуга.

# Македонија е социјално конзервативна средина



МЦМС за прв пат ги истражуваше односите кон традиционалните (секуларните) вредности во Македонија.

Истражувањето покажа дека Македонија е традиционална или социјално конзервативна средина. Поддршката на традиционалните вредности, односно неоправданоста, изнесува од 58,9 % за разводот, до 91,6 % за хомосексуалноста.

Тоа е потврдено и со Прегледот на светските вредности, односно во Македонија се зајакнуваат традиционалните вредности.

Иако мало малцинство граѓани оправдуваат насилство врз жената (3,1 %) и децата (6,9 %), бројноста на граѓаните кои тоа го оправдуваат бара понатамошно внимание за овие прашања. Внимание бара и релативно високото оправдување на насилство врз децата од 19,9 % кај етничките Албанци.

Ставовите на мажите и на жените за родови прашања, вклучувајќи и абортус, се слични и не се разликуваат за повеќе од +/-5 процентни поени, со исклучок на сексуална работа (проституцијата).

Постојат разлики меѓу етничките Македонци и етничките Албанци, кои се повторуваат меѓу христијаните од православна традиција и муслиманите. Поддршка на традиционалните вредности изнесува од 53,5 % за неоправданост на разводот, до 90,1 % за неоправданост на хомосексуалноста кај етничките Македонци, споредено со 72,5 % до 94,8 % кај етничките Албанци.

Религиозните граѓани ги поддржуваат традиционалните вредности, споредено со нерелигиозните граѓани. На пример, неоправданоста на разводот кај религиозните граѓани е повисока за 20,1 процентни поени. Покрај ваквите ставови, и двете групи имаат слични ставови за другите прашања, на пример во неодобрувањето на сексуалната работа (проституцијата).

Поддршката за секуларните вредности е најголема во Скопје. На другата страна најмала е поддршката во руралните подрачја. Не постои значајна разлика врз партиска (идеолошка) основа меѓу десницата и левицата, односно меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ.

Меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ неоправданоста на абортус е 66,1 %, а меѓу симпатизерите на СДСМ, тоа е 59,4 %. Поголема разлика има само по прашањето за еутаназија. И во религиозноста не постои значајна разлика меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ, од кои се религиозни 84,9 %, односно 79,2 %.

Податоците од истражувањето покажуваат дека повеќето граѓани (83,3 %), сметаат дека се религиозни, за нерелигиозни се сметаат 14,8 %, а 1,1 % се атеисти.

# Раководење со проекти за локалната самоуправа



*Практична работа на учесниците на обука*

Од 12 до 15 мај оваа година, во х. Молика во Битола, МЦМС ја спроведе обуката за раководење со проектен циклус. На обуката учествуваа 15 претставници од општините: Чашка, Велес, Конче, Прилеп, Лозово, Јегуновце и Радовиш.

„За мене најкорисен дел од обуката беше конструирањето на дрвото на целите, работењето на позитивните примери како и работата во групи, односно практичните вежби", ни кажа Снежана Дервишова, виш соработник во Одделението за изградба и одржување на комуналната инфраструктура од Велес. „Знаењето и вештините стекнати со оваа обука сметам дека ќе ги применувам во моето секојдневно работење. Што се однесува до тимот кој ја спроведе обуката сметам дека се потрудија да одговорат на сите наши прашања и ситни проблеми со кои се соочувавме во текот на обуката, што ме наведе да заклучам дека се одлични обучувачи со високи стандарди. Во групата која беше на обуката имаше одлична клима за работа, а воедно, морам да напоменам дека доколку ми се отвори можност, секако, би земала учество на било која обука која ќе биде организирана и спроведена од МЦМС", додаде Дервишова.

За Лидија Пљакова, соработник за ЛЕР од Општина Чашка, обуката беше од голема корист. За неа особено корисни беа деловите од обуката кои се однесуваа на идентификацијата на проблемите, креирањето на буџети за проекти, конструирањето на логичката рамка, како и практичните вежби. „Материјалите со кои располагавме на обуката беа со јасна и концизна содржина, прилагодени на секого од присутните на обуката. Во групите имаше одлична атмосфера за работа. Доколку ми се отвори прилика, повторно би присуствувала на некоја друга обука", рече Лидија.

На обуката учесниците имаа можност да научат нешто повеќе за фазите на проектниот циклус, успехот на проектот, креирање на дрво на проблеми и дрво на цели, логика на интервенција, буџетирање и алокација на ресурси, како и други теми значајни за подготовка и спроведување на еден проект.

Обуката ја спроведоа Миодраг Колиќ и Велентина Чичева, обучувачи од МЦМС.